прифаќајќи одложен услов - исплата на стасаните долгови по кредитите, доколку дојде до поклопување на обврските на тужениот по договорите што се склучени со банките и по договорите за заем што се склучени со тужителот.

Врз основа на сето понапред наведено, првостепениот суд го усвоил тужбеното барање и го задолжил тужениот да му го исплати на тужителот предјавениот износ на име долг со камата на поединечни износи сметано од доспеаноста на секој износ поединечно.

По оценка на овој суд, со ваквата одлука првостепениот суд ја сторил погоре наведената суштествена повреда на одредбите на постапката, а дадените причини се нејасни и контрадикторни на изведените докази. Ова од причина што, пред се, не е јасно од кои причини првостепениот суд прафаќа дека тужениот е во обврска да му го исплати на тужителот досудениот износ на име долг, со оглед дека тужениот како заемопримател редовно ги сервисирал своите обврски за плаќање на доспеаните рати на Комерцијална Банка АД Скопје и на LANDENS BANKA BERLIN АГ од Германија и до денот на изготвувањето на вештачењето немал доспеани, а неисплатени обврски по кредитите, поради што и подреденоста на заемите воопшто не настапила, бидејќи не бил исполнет условот - тужениот да има стасани а неисполнети обврски спрема банките кредитори и дека на датумите на доспеаност на обврските по Договорите за заем тужениот немал доспеани а неисполнети обврски спрема банките, како би се применила подреденоста на плаќање на обврските спрема тужителот, поради што биле важечки роковите што се определени во договорите за заем.

Судот, и покрај тоа што во својата одлука ја цитирал дефиницијата од Интеркредитниот договор - за значењето на терминот обврски, според која тоа се сите обврски стасани во било кое време, оние кои се должат или се направат на позајмувачот според или во однос на финансиските документи, било сегашни, идни, реални или можни (и било да се направени самостојно или заеднички како главница, гаранција или во друга функција) вклучувајќи но не ограничувајќи се на обврските на комерцијалниот заем и обврските на ЕЦА заемот, истата не ја имал во предвид во доволна мера. Исто така, првостепениот суд при одлучувањето не ги ценел ниту одредбите од ЗОО по однос на договорот за заем а во смисла на тоа кога се смета за исполнета обврската на заемопримачот, односно ја немал во предвид одредбата од чл.550 ст.1 од ЗОО, согласно која, заемопримачот е должен да го врати во договорениот рок истото количество предмети, од ист вид и квалитет.

Во смисла на наведеното, првостепениот суд пропуштил да утврди дали исполнување на обврска значи само исплата на дел од обврската по дадениот заем, односно исплата само на неколку доспеани рати, или пак обврската се смета за исполнета во моментот кога истата во целост ќе биде исполнета, односно во конкретниот случај кога заемот во целост ќе биде вратен спрема банките, како и дали самото тоа што тужениот на датумите на доспеаност на обврските по Договорите за заем немал доспеани, а неисполнети обврски спрема банките, значи и дека тужениот ги исполнил своите обврски спрема банките односно дека може да врши исплати на долгови спрема други свои доверители по други земени заеми, а со тоа дека тужителот има право да бара исплата на долгот кој тужениот го имал по склучените договори за заем со тужителот.